РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
Бр. 09-885/16 од 27. 10. 2026 година
Чучер-Сандево

Градоначалникот на Општина Чучер-Сандево врз основа на член 123 став 1 и член 126 став 1 од Законот за животна средина ("Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22, 171/22, 3/25, 124/25 и 216/26), постапувајќи по барање за обновување на Б - Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/1 од 07.04.2026 година поднесно од операторот Друштво за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда Чучер-Сандево со седиште на ул.1 бр.29 с.Бразда Чучер-Сандево, донесе

РЕШЕНИЕ

1.**СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола на операторот Друштво за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда Чучер-Сандево со седиште на ул.1 бр.29 с.Бразда Чучер-Сандево.

2.**СЕ ЗАДОЛЖУВА** операторот Друштво за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда Чучер-Сандево со седиште на ул.1 бр.29 с.Бразда Чучер-Сандево, да постапува во согласност со условите и обврските дефинирани во оваа дозвола.

3.Б-Интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во најмалку еден дневен весник во рок од 15 дена од денот на издавањето, на сметка на операторот.

4.Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Операторот Друштво за производство, градежништво, трговија, транспорт и услуги ФИЛИП ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ увоз-извоз с.Бразда Чучер-Сандево со седиште на ул.1 бр.29 с.Бразда Чучер-Сандево, поднесе барање бр.09-885/1 од 07.04.2026 година за добивање Б-Интегрирана еколошка дозвола.

Согласно Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план ("Службен весник на Република Македонија" бр. 89/05), инсталацијата е опфатена во Прилог 2, Точка 3.Индустрија на минерали, поддточка 3.2.Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини.

По разгледување на барањето бр.09-885/1 од 07.04.2026 година утврдени се недостатоци и известен е операторот, истите се отстранети и доставено е Барање за Б-Интегрирана еколошка дозвола, односно Барање за обновување за Б-Интегрирана еколошка дозвола за инсталација која врши активности од Прилог 2 на Уредбата - корегирана верзија по забелешки бр.09-885/3 од 24.07.2026 година.

Комплетното барање беше објавено на ден 29.07.2026 година во дневен весник, како и на интернет страната на општината, согласно член 99 став 1 од Законот за животната средина. Во врска со поднесеното барање не беа доставени никакви мислења и коментари во предвидениот рок од 30 дена од објавувањето на барањето.

На 04.09.2026 година извршен е увид на инсталацијата и за утврдената состојба составен е Записник за констатација од извршен увид бр.09-885/7 од 07.09.2026 година.

Општина Чучер-Сандево издаде Налог за плаќање на надоместок при поднесување на барање за добивање на Б- интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/8 од 18.09.2026 година со пресметка за определување на надоместок при поднесување на барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, пресметан согласно член 2 став 1 од Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за Б-интегрирана еколошка дозвола ("Службен весник на Република Македонија" бр.117/07, 64/10 и 186/16).

Операторот извршил уплата на надоместокот при поднесување на барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола на ден 22.09.2026 година и достави доказ за извршената уплата.

Изготвена е Нацрт Б-Интегрирана еколошка дозвола бр.09-885/10 од 01.10.2026 година и согласно член 107 став 12 од Законот за животна средина е доставена до операторот со допис бр.09-885/11 од 02.10.2026 година, со цел да достави забелешки во рок од 14 дена по приемот на нацртот на дозволата.

По истекување на законскиот рок од доставата и објава на Нацртот на дозволата, нема доставено забелешки, мислења и коментари од засегнатата јавност и од операторот.

По завршување на постапката согласно надлежностите кои произлегуваат од Законот за животната средина се утврди дека операторот ги исполнува условите за добивање на Б-Интегрирана еколошка дозвола, па овој орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесување на решението.

Жалбата се таксира со 250,00 денари административна такса.

Изработил
Убавка Шкакарова

ОПШТИНА ЧУЧЕР-САНДЕВО
ГРАДОНАЧАЛНИК
Зоран Бајовски